Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

**1. Опис на проблемите**

Согласно заклучокот од Сто педесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 07.04.2010 година, Владата усвои пакет мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија. На Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.05.2010 година, по однос на Информацијата за статусот на имплементација на мерките за унапредување на казнената политика во Република Македонија, Владата на Република Македонија усвои динамика за поднесување на предлог-законите за измена и дополнување на законите согласно мерките за унапредување на казнената политика, меѓу кои и на Законот за хартии од вредност.

**2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со донесувањето на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност се врши групирање на глобите што се изрекуваат за прекршоците пропишани со овој закон зависно од тежината на прекршокот и се врши намалување на висината на глобите. Исто така, со измената за некои од прекршоците од трет ранг кои се третираат како најтешки прекршоци, покрај глоба е предвидено и изрекување на дополнителна прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице.

Понатаму со Предлог законот се вршат и измени во одделни членови од постоечкиот закон со кои се уредува реализацијата на приватната понуда, продажбата на сопствени акции, роковите за жалба, обврската за доставување на извештаите за сопственост на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност заради нивно објавување, обврската за доставување на ценовно чувствителните информации до Комисијата заради нивно објавување, како и дополнување на видовите на ценовно чувствителни информации. Вака предложените измени се во насока на натамошно усогласување на Законот за хартии од вредност со Законот за трговски друштва и Законот за општа управна постапка, како и натамошно подобрување на текстот на законот во насока на следење на состојбата на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија .

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

**Опција 1**: Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигне целта за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија и

**Опција 2**: Донесување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност со цел унапредување на казнената политика во Република Македонија, како и потребата од натамошно подобрување на текстот на постојниот

закон.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**
Опција 2 односно донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

**Опис:**
Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност се:

-соодветно групирање на глобите во зависност од нивната тежина и нивна поделба во две групи и тоа прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба,
- намалување на висината на глобите,
-воведување на нови прекршоци кои не биле предвидени во законот, а за кои постоел основ за изрекување на прекршок,
-изрекување на дополнителна прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице за дел од сторените прекршоци од трет ранг кои се третираат како потешки прекршоци,
- дополнување на членот за приватна понуда,
- измена во членовите кои ја уредуваат продажба на сопствени акции,
- дополнување на обврската за доставување на извештаите за сопственост на хартии од вредност од страна на член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерски друштва кои треба да се достават до Комисијата за хартии од вредности и доставување на ценовно чувствителни информации до Комисијата од страна на акционерските друштва, не само заради нејзини потреби во постапката на контрола и надзор, туку и заради нивно објавување со цел запознавање на пошироката јавност и обезбедување поголема транспарентност на ценовно чувствителните информации,
-дополнување на видовите на ценовно цувствителни информации,
- воведување на одредби за Постапка на порамнување и доставување на платен налог за прекршувачите на Законот за хартии од вредност согласно Законот за прекршоци и
- воведување на одредби за застареност на прекршоците и застареност на извршувањето на прекршочните санкции за утврдени прекршоци во Закон за хартии од вредност, а во насока на усогласување со Законот за прекршоци.

**1. Трошоци**
- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластуваа, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија,

одобренија, овластуваа, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица.

**2. Придобивки**

Со предложените решенија во Законот за хартии од вредност се очекува да се остварат следниве придобивки:

-соодветно групирање на глобите во зависност од нивната тежина и нивна поделба во две групи и тоа прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба,

-намалување на висината на глобата која е одмерена согласно деловните стандарди и нема да влијае драстично на извршувањето на дејноста,

- со горе наведените придобивки се очекува да се унапреди казнената политика, да се зголеми процентот на плаќање на глобата од страна на субјектите, особено во постапката на порамнување,

-можност за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда и во случај на зголемување на основната главнина од средства на друштвото или во случај на условно зголемување на основната главнина,

-зголемена транспарентност при продажбата на сопствените акции преку нејзино спроведување исклучиви само преку јавна понуда,

-зголемена достапност на извештаите за сопственост и ценовно чувствителните информации на широката јавност преку нивното доставување до Комисијата за хартии од вредност заради објавување, а не само за нејзините потреби во постапката на контрола и

надзор,
-обезбедување на јасно, конзистентно и целосно дефинирање на видовите ценовно чувствителни информации.

### 3. Ризици и претпоставки

Главна мотивација за донесување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност е унапредување на казнената политика во Република Македонија.
Главен ризик од недонесувањето на Предлогот на закон е да остане во примена несоодветната висина на глобите што се изрекуваат за различни типови на прекршоци по исти критериуми со што нема да се постигне целта за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

### 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / НЕ | ДА / НЕ |

### Чекор 3: Консултации

Извршени се консултации и одржана е работна средба со претставници од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија, како надлежен орган за надзор над спроведувањето на Законот за хартии од вредност и прописите донесени врз основа на него и над работењето на субјектите од областа на хартиите од вредност. Исто така, при изготвувањето на Предлог Законот извршени се консултации со Министерството за правда, Секретаријатот за законодавство и Кабинетот на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, г-нот Владимир Пешевски и усогласени се ставовите по однос на нивните забелешки.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Во насока на унапредување на казнената политика во Република Македонија, со измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност се врши рангирање на глобите во две групи зависно од тежината на прекршокот, и се врши намалување на висината на глобите. Понатаму со измената за некои од прекршоците од трет ранг кои се третираат како потешки прекршоци, покрај глоба е предвидено и изрекување на прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице. Исто така со предлог законот се вршат и измени во одделни членови од законот во насока на натамошно усогласување на Законот за хартии од вредност со Законот за трговски друштва и Законот за општа управна постапка, како и натамошно подобрување на текстот на законот.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Ленче Тагасовска, Аница Васовиќ, Орнела Трајкоска

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има / **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има / **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| 4. | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | Има / **Нема влијание** | врз животната средина |
| 6. | Има / **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | **ДА** / НЕ<br><br>**22.12.2010**<br>**КХВ**<br>**МП, СЗ, Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања** |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | **ДА**/НЕ |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | ДА/**НЕ** |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА/**НЕ** |
| 11. | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од Заменик претседателот на Владата и министер за финансии**

Јас, м-р Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанија на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседателот на Владата и
Министер за финансии:

м-р Зоран Ставрески　　　　　　　　Датум:04.01.2011 година

Изготвил: Орнела Трајкоска
Контролирал: Аница Васовиќ
Согласен: Ленче Тагасовска
Одобрил:Виолета Стојановска Петровска